52322

ВЕСТ, 30.12.2003, 1048, 11

РЕАГИРАЊЕ ЗА "ОМАЖ" ИЗЛОЖБА ВО МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# Внукот на Личеноски вели Петковски не дава да се изложува вујко му

■ **Коста Бошњаковски, внук од сестра на познатиот уметник, вели дека иако Музејот на современа уметност поседува дела од Личеноски, не беше во изборот за изложбата на македонските класици затоа што го слушаат проф. Борис Петковски, кој не е во добри односи со никого од семејството на уметникот**

Коста Бошњаковски, внук од сестра на Лазар Личеноски, еден од основоположниците на современото македонско сликарство, се јави во нашата редакција со реакција дека на изложбата "Омаж", на која се изложени слики од македонските класици кои му биле ученици на Личеноски, нема изложено ни едно дело од неговиот вујко. А Музејот на современа уменост во своите депоа има над десет дела. Изложбата во Музејот за современа уметност се отвори на 22. овој месец. Според Бошњаковски, зад ова, најверојатно, стои проф. Борис Петковски, кој " не е во добри односи со никого од семејството на Лазар Личеноски и затоа, од каприц, не сака да бидат изложени дела од овој значаен уметник", вели Бошњаковски.

Директорот на Музејот на современата уметност Емил Алексиев смета дека нема зошто Личеноски да биде застапен на оваа изложбата, кога таа е омаж со кој се одбележува јубилејна годишнина од смртта на уметниците. "Професорот Борис Петковски не е автор на изложбата ниту го правеше изборот на дела. Тој во каталогот само напиша едно негово сеќавање за авторите чии дела се изложени".

Алексиев најави дека ако во Музејот и идната година биде организирана ваков тип на изложба, ќе бидат застапени делата на Личеноски кој почина во 1964 година.

**(О.П.)**



***"Часовничар", платно на Личеноски***